РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 10-162/1
08-01-2026 20 год. / viti

Министерството за социјална политика, демографија и млади
на Република Северна Македонија

# ИНТЕРНА ПРОЦЕДУРА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМ И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РАНГИРАЊЕ И ИЗБОР НА ПРОЕКТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО СОГЛАСНО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, НИВНИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И НИВНАТА АСОЦИЈАЦИЈА, НА ЗДРУЖЕНИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје, декември 2025 година

# ИНТЕРНА ПРОЦЕДУРА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМ И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РАНГИРАЊЕ И ИЗБОР НА ПРОЕКТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО СОГЛАСНО ЈАВЕН ПОВИК ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ, НИВНИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И НИВНАТА АСОЦИЈАЦИЈА, НА ЗДРУЖЕНИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И ЗА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 1. ПРЕДМЕТ

1.1. Со оваа процедура се утврдуваат критериумите и методологија за рангирање и избор на проекти на здруженија за борба против семејно насилство согласно Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија.

## 2. ЦЕЛ

Целта на оваа процедура е да се поддржат здруженија кои нудат специјализирани услуги за заштита на жените жртви на семејно насилство, во насока на нивно зајакнување и одржливост, до исполнување на нормативите и стандардите за стекнување со дозвола за вршење работи во социјалната заштита, а во интерес на понатамошно проширување на мрежата на овластени даватели на социјални услуги;

2.1. Средствата за оваа намена ќе се обезбедат согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри и Одлуката за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2026 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија.

2.2. Рангирање и избор на проектите за семејно насилство ќе врши Комисија за разгледување и рангирање на поднесените апликации (барања) од страна на здруженијата, формирана со решение на министерот за труд и социјална политика .

## 3. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА

3.1. Оваа процедура се применува при избор на проекти на здруженија за борба против семејно насилство согласно Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија.

3.2. За доследна примена на оваа процедура одговорни се членовите на Комисијата за разгледување и рангирање на поднесените апликации (барања) од страна на здруженија за борба против семејно насилство.

## 4. ВРСКА СО ДРУГИ ДОКУМЕНТИ

4.1. Законот за игрите на среќа и забавните игри;

4.2. Закон за социјална заштита;

4.3.Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

4.4. Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија;

4.5. Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2026 година (ќе се донесе по постапката на избор);

4.6. Одлука за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2026година (ќе се донесе по постапката на избор).

## 5. ПРОЦЕДУРА

5.1. Вид на активности кои ќе се финансираат во 2026 година во рамки на цел 2 од Јавниот конкурс, согласно приоритетите на Министерството за социјална политика, демографија и млади и Владата на РСМ се:

- Обезбедување на услуга на привремен престој на жени жртви на семејно насилство и нивните деца во центар за жртви на семејно насилство, т.е. згрижување, заштита и стручна помош, најмногу до една година согласно минимум утврдените стандарди за специјализирани услуги за жртви на семејно насилство-привремен престој;
- Обезбедување услуги на информирање и упатување, т.е. пристап до бесплатна СОС линија што обезбедува 24 часовна точна, навремена и доверлива информација за заштита на жртвите, достапните услуги и телефонско советување на жени жртви на семејно насилство;
- Обезбедување на терцијарни услуги на советување/психо-социјален третман за жени жртви на семејно насилство во рамки на советувалиште за жртви на семејно насилство;
- Обезбедување на терцијарни услуги на советување/ психо-социјален третман на сторители на семејно насилство во рамки на советувалиште.

5.2. Критериуми за избор на проекти за давање на специјализирани услуги за семејно насилство кои што ќе се финансираат согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри за 2026 година се:

- Соодветност на предлогот согласно приоритетите од точка 5.1. и целите кои ќе се постигнат кон целната група.
- Капацитет на предлагачот и искуство во реализација на проекти или сличен вид.
- Соодветноста на лицата кои ќе учествуваат во реализација на проектот по однос на образованието и работното искуство во областа на социјалната заштита.
- Предвиден број на крајни корисници за кои може да се обезбеди услугата.
- Организациски капацитети за спроведување на програмите и план за преземање на активности во насока на обезбедување на соодветна дозвола за вршење работи во социјалната заштита.
- Поврзаност на целите на проектот со предложените активности и резултати и јасно утврдени активности и предлог мерки за одржливост на проектот (обезбедено кофинансирање).

4.3.Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

4.4. Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија;

4.5. Програмата за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејното насилство и на Црвениот крст на Република Северна Македонија од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2026 година (ќе се донесе по постапката на избор);

4.6. Одлука за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавните игри во 2026година (ќе се донесе по постапката на избор).

## 5. ПРОЦЕДУРА

5.1. Вид на активности кои ќе се финансираат во 2026 година во рамки на цел 2 од Јавниот конкурс, согласно приоритетите на Министерството за социјална политика, демографија и млади и Владата на РСМ се:

- Обезбедување на услуга на привремен престој на жени жртви на семејно насилство и нивните деца во центар за жртви на семејно насилство, т.е. згрижување, заштита и стручна помош, најмногу до една година согласно минимум утврдените стандарди за специјализирани услуги за жртви на семејно насилство-привремен престој;
- Обезбедување услуги на информирање и упатување, т.е. пристап до бесплатна СОС линија што обезбедува 24 часовна точна, навремена и доверлива информација за заштита на жртвите, достапните услуги и телефонско советување на жени жртви на семејно насилство;
- Обезбедување на терцијарни услуги на советување/психо-социјален третман за жени жртви на семејно насилство во рамки на советувалиште за жртви на семејно насилство;
- Обезбедување на терцијарни услуги на советување/ психо-социјален третман на сторители на семејно насилство во рамки на советувалиште.

5.2. Критериуми за избор на проекти за давање на специјализирани услуги за семејно насилство кои што ќе се финансираат согласно Законот за игрите на среќа и забавните игри за 2026 година се:

- Соодветност на предлогот согласно приоритетите од точка 5.1. и целите кои ќе се постигнат кон целната група.
- Капацитет на предлагачот и искуство во реализација на проекти или сличен вид.
- Соодветноста на лицата кои ќе учествуваат во реализација на проектот по однос на образованието и работното искуство во областа на социјалната заштита.
- Предвиден број на крајни корисници за кои може да се обезбеди услугата.
- Организациски капацитети за спроведување на програмите и план за преземање на активности во насока на обезбедување на соодветна дозвола за вршење работи во социјалната заштита.
- Поврзаност на целите на проектот со предложените активности и резултати и јасно утврдени активности и предлог мерки за одржливост на проектот (обезбедено кофинансирање).

5.3. Според утврдените критериуми од точка 5.2 од ова решение, Комисијата, ќе врши разгледување и рангирање на поднесените барања по бодови, при што вкупните можни бодови изнесуваат 100 бода, од кои:

- Соодветност на предлогот согласно приоритетите од точка 5.1. и целите кои ќе се постигнат кон целната група - од 0 до 10.

(Најмногу бодови под овој критериум ќе добијат оние предлог-проекти кои ќе се однесуваат на приоритетните области на делување дефинирани во оваа процедура и ќе понудат мерливи индикатори за придонесот на целната група)

- капацитет на предлагачот и искуство во реализација на проекти од ист или сличен вид - од 0 до 30;

(најмногу бодови ќе добие предлагачот кој има воспоставено специјализирана услуга за жртви на СН, или има долгогодишно искуство во реализација на активности за заштита на жртви на семејно насилство)

- Соодветноста на лицата кои ќе учествуваат во реализација на проектот по однос на образованието и работното искуство во областа на социјалната заштита - од 0 до 20.

(најмногу бодови ќе добие предлагачот кој има предвидено стручни лица од соодветни профили и искуство во областа, за давање на конкретна услуга)

- Предвиден број на крајни корисници за кои може да се обезбеди услугата - од 0 до 10.

(најмногу бодови ќе добие предлагачот кој согласно своите капацитети може да обезбеди најголем опфат на корисници)

- Организациски капацитети за спроведување на програмите и план за преземање на активности во насока на обезбедување на соодветна дозвола за вршење работи во социјалната заштита. од 0 до 10 бода.

(најмногу бодови ќе добие предлагачот кој согласно приложени докази има капацитет и план за исполнување на условите за обезбедување на соодветна дозвола за вршење работи во социјалната заштита согласно минимум утврдени стандарди)

- Поврзаност на целите на проектот со предложените активности и резултати и јасно утврдени активности и предлог мерки за одржливост на проектот од 0 до 20 бода.

(најмногу бодови ќе добие предлагачот има обезбедено мерки за самоодржливост, односно ко-финансирање од страна на други извори како што се сопствени приходи, буџет од локалната самоуправа, фондови на ЕУ)

5.4. Трошоци од програмите подобни за финансирање се:

– бруто плати: износите на бруто плати за вработените лица ангажирани во реализација на програмски активности кои треба да соодветствуваат на воспоставените практики на корисникот

– трошоци за канцелариски материјал/опрема

– режиски трошоци и

– трошоци за реализација на програмски активности во однос на обезбедување на простор и потребни материјали (кои не се за иста намена и активности кои се поддржани од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади или од друг орган на државната управа) .

5.3. Според утврдените критериуми од точка 5.2 од ова решение, Комисијата, ќе врши разгледување и рангирање на поднесените барања по бодови, при што вкупните можни бодови изнесуваат 100 бода, од кои:

- Соодветност на предлогот согласно приоритетите од точка 5.1. и целите кои ќе се постигнат кон целната група - од 0 до 10.

(Најмногу бодови под овој критериум ќе добијат оние предлог-проекти кои ќе се однесуваат на приоритетните области на делување дефинирани во оваа процедура и ќе понудат мерливи индикатори за придонесот на целната група)

- капацитет на предлагачот и искуство во реализација на проекти од ист или сличен вид - од 0 до 30;

(најмногу бодови ќе добие предлагачот кој има воспоставено специјализирана услуга за жртви на СН, или има долгогодишно искуство во реализација на активности за заштита на жртви на семејно насилство)

- Соодветноста на лицата кои ќе учествуваат во реализација на проектот по однос на образованието и работното искуство во областа на социјалната заштита - од 0 до 20.

(најмногу бодови ќе добие предлагачот кој има предвидено стручни лица од соодветни профили и искуство во областа, за давање на конкретна услуга)

- Предвиден број на крајни корисници за кои може да се обезбеди услугата - од 0 до 10.

(најмногу бодови ќе добие предлагачот кој согласно своите капацитети може да обезбеди најголем опфат на корисници)

- Организациски капацитети за спроведување на програмите и план за преземање на активности во насока на обезбедување на соодветна дозвола за вршење работи во социјалната заштита. од 0 до 10 бода.

(најмногу бодови ќе добие предлагачот кој согласно приложени докази има капацитет и план за исполнување на условите за обезбедување на соодветна дозвола за вршење работи во социјалната заштита согласно минимум утврдени стандарди)

- Поврзаност на целите на проектот со предложените активности и резултати и јасно утврдени активности и предлог мерки за одржливост на проектот од 0 до 20 бода.

(најмногу бодови ќе добие предлагачот има обезбедено мерки за самоодржливост, односно ко-финансирање од страна на други извори како што се сопствени приходи, буџет од локалната самоуправа, фондови на ЕУ)

5.4. Трошоци од програмите подобни за финансирање се:

- бруто плати: износите на бруто плати за вработените лица ангажирани во реализација на програмски активности кои треба да соодветствуваат на воспоставените практики на корисникот
- трошоци за канцелариски материјал/опрема
- режиски трошоци и
- трошоци за реализација на програмски активности во однос на обезбедување на простор и потребни материјали (кои не се за иста намена и активности кои се поддржани од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади или од друг орган на државната управа) .

5.5. Министерството за социјална политика, демографија и млади има право да преговара со подносителот по однос на дефинирање на активностите и буџетот на предложените програми на основа на препораки добиени од Комисијата за разгледување и рангирање на поднесените апликации (барања) од страна на здруженија за борба против семејно насилство.

## 6. СТАПУВАЊЕ НА СИЛА

6.1. Процедурата стапува на сила со денот на заверка во писарницата на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## 7. ДОСТАВУВАЊЕ

7.1. Примерок од оваа процедура да се објави како прилог на Јавен повик за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија.

Министер/Ministri,
Fatmir Limani

Изработил: М.Коцевска
Контролирал: П. Бежановиќ
Одобрил: Д. Аслани
Согласен: Fatmir Sabriu, Државен секретар